Радио СтрумицаНет

ВЕСТИ

# Во експериментална стаклена витрина на планината Родопи поставена е изложба на струмичанката Кристина Зимбакова

Сабота, 07 Ноември 2020 Печати



Од вчера, во експериментална стаклена витрина на планината Родопи во Бугарија поставена е изложба насловена „Светилиште“, на струмичанката Кристина Зимбакова.

Поставката ја сочинуваат четири симболични слики во комбинирана техника на хартија од габи, рачно изработени од Зимбакова. Изложените дела - Распната спила, Подјармено дрво, Светилиште и Се к'ти ноќта црна, се создадени конкретно за локалитетот во периодот 2019-2020 година, а се поставени зависно од позицијата на сонцето. Габите и лишаите се најзастапено изразно средство, применети при цртање фигури или создавање мозаик, покрај акрилот, пастелот и јагленот. Видовите, од кои некои се ретки или ендемични, се собрани при лични теренски истражувања по планините низ Македонија, во соработка со биолози.

Ликовната изложба на Кристина Зимбакова се одржува на отворено до 2 декември, а е поставена е на крстосница помеѓу планинските села Царино, Чорбаџиско и Валчанка, во источните предели на планината Родопи во Бугарија во близина на грчката граница. Настанот е во организација на холандско-бугарската уметничка Фондација „Царино“ (Stichting Tsarino).

Кристина Зимбакова (1975) негува интердисциплинарен приод кон уметноста, па во нејзиното творештво се испреплетени сликарството, поезијата и природните науки. Иако нејзините дела се главно фигуративни и со лирски призвук, преку вметнувањето габи и лишаи се стреми да ја поттикне и свеста за зачувување на овие фасцинантни, прастари, но често занемарени организми иако се клучни за животот на нашата планета. Изложувала во Македонија, Европа и САД, а нејзини позначајни самостојни изложби се следниве: на врвот Сечена скала (1.740 мнв) од планината Беласица на македонско-грчката граница (2019); Факултетот за уметност при Универзитетот „Алстер“. Белфаст, С. Ирска (2017); Научниот собир на Европскиот совет за зачувување на габите, Охрид (2017).

**ФОТОГАЛЕРИЈА**